РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ „МАНЧУ МАТАК“ – КРИВОГАШТАНИ општина КРИВОГАШТАНИ за период од 2024 до 2028 година



14.08.2024 година

Преамбула

Оваа Развојна програма е изработена согласно:

- член 49 од Законот за основно образование (Сл. весник бр. 161 од 5.08.2019 година, и бр. 229/20). Во развојната програма за работа се планираат целите ивизијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени однадлежните институции и
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, бр. 08-3714/3 од 29.05.2024 година, донесена од страна на Министерот за образование и наука.

Развојна програма на училиштето	
Училиште	ООУ„Манчу Матак“ Кривогаштани
Адреса	Ул. Македонски просветители бр.9 Кривогаштани
Телефон, е-пошта	048/471-205 oumancumatak@gmail.com
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	Јули- август 2024 год
Број на ученици во училиштето	251
Број на подрачни училишта	5
Училишен директор	
Име и презиме	Даниела Мицеска
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Елена Китаноска
Потпис	
Датум	

Содржина

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

Име на основното училиште	„Манчу Матак“
Адреса	
Телефон	048/471-205
Место, општина	Кривогаштани, Кривогаштани
Веб страница	mancumatak.edu.mk
Е-маил	oumancumatak@gmail.com
Ден на училиштето	25 Мај
Внатрешна површина на училиштето	ЦОУ – 1200м2 Подрачните –748м2
Училиштен двор	ЦОУ – 1100м2 Подрачните –7658м2
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	5 подрачни училишта во населените места: Крушеани, Врбјани, Славеј, Годивје и Подвис
Капацитет на училиштето (максимален број на ученици)	Од 500 – 520
Број на ученици (моментална состојба)	251
Број на паралелки	24
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски
Паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Нема
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	Две
Паралелки од музичко училиште	Нема
Ресурсен центар	Нема
Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште	Единствен матичен број на субјектот: 4015860

1.2. Историјат на основното училиште

ООУ „Манчу Матак“ е лоцирано во неколку населени места, како централно во Кривогаштани, а со подрачни училишта уште во селата: Крушеани, Славеј, Врбјани, Годивје и Подвис, а во училиштето учат и ученици од селата: Кореница, Светомитрани и Врбоец.

Само зградата во централното училиште е на два ката додека во подрачните училишта зградите се на еден кат.

Патрон на училиштето е народниот херој Манчу Матак, носител на партизанска споменица од НОБ, а по потекло од Крушево.

ООУ „Манчу Матак“ е еднојазично училиште и наставата се изведува на македонски јазик. Етничкиот состав пак на учениците кои го посетуваат е секогаш 99% македонци.

Централната зграда (каде учат и најголем број од учениците) се наоѓа во Кривогаштани, општина Кривогаштани, на регионалниот пат Прилеп – Крушево.

Училиштето можеме да го наречеме рурално според локацијата, но секако во се друго е на многу повисоко ниво. Пред се годините на постоење. Училиште во Кривогаштани постои уште од 1934 година кога е изградена првата училишна зграда. Со настава на македонски јазик е започнато 1946 година. Потоа, во 1949 година е изграден еден дел од денешната училишна зграда, а во 1980 година е доградена уште еден дел од денешната училишна зграда. Со текот на годините градени се и реновирани и подрачните училишни згради. Во поново време реновирани се училиштата во с. Врбјани и с. Крушеани. ЦОУ има претрпено помали измени до денес, но целосно не е реновирано: променета дограма, под, фискултурна сала, оградата, фасадата и друго. Поголеми реновирања имало во подрачните училишта.

Училиштето има долгогодишна традиција на воспитно – образовна дејност. Во него отсекогаш работел висококвалификуван наставен кадар. Уште во најраните години по Втората светска војна имало голем опфат на ученици од овој крај. Со текот на годините се добивани голем број награди и пофалби за наставниците и многубројни награди и признанија за учениците на натпреварите.

Оваа долгогодишна традиција се одразува со голем процент на наши ученици запишани во средно образование (последниве 20 години скоро 100%), со голем процент на наши ученици со завршен факултет, вработени по сите струки, но и со највисоки стручни и научни титули, во државата и надвор од неа. Само наставниот кадар во нашето училиште скоро половината е со оние кои и самите завршиле во ова училиште.

Училиштето се одликувало и денес се одликува со голем ентузијазам и желба за високи резултати од страна на вработените, како и со мотивирани ученици кои добиваат солидни и трајни знаења и имаат реални и солидни постигања во училиштето, но и потоа во школувањето и животот.

Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од 1 до 9 одделение.

Училиштето има свое лого, е-маил адреса и има сопствена веб страна, а за своите активности низ текот на годината континуирано ја известува поширокатa заедница и преку facebook профилот, локалните медиуми и други социјални

мрежи и веб-страни поврзани со образованието. Училиштето исто така си има и своја химна. Училиштето е основано од Собрание на општина Прилеп со Решение за верификација на воспитно-образовната дејност на основното училиште „Манчу Матак“ – Кривогаштани – број 09-3519/1 од 17.03.1986

1. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

Стратешка цел 1	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето	1.1. Изготвување на Програма за поголема вклученост на родителите во училишниот живот	√			
	1.2 Вклучување на родителите во реализацијата на наставните планови и програми		√		Во дел од паралелките често пати има изразена соработка со родителите при реализацијата на наставните планови и програми. Потребно е вклученост на родителите во сите паралелки.
	1.3 Учество на родителите во проекти и активности на училиштето		√		Во дел од паралелките често пати има изразена соработка со родителите при реализацијата на проекти и активности на училиштето. Потребно е вклученост на родителите во сите паралелки.

Стратешка цел 2	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на поддршката на учениците	2.1 Зголемување на иницијативите од страна на ученичкиот парламент за реализирање проекти/презентации во кои учениците би имале носечка улога	√			
	2.2 Вклучување на учениците при формирањето и планирањето на нови секции и/или клубови		√		Учениците имаат можност и даваат предлози за нови секции, но можностите на училиштето (кадар, материјални услови) се такви што не можат да им ги овозможат. Само во дел од секциите учествуваат во планирањето на работата.
Подобрување на постигањата на учениците	3.1 Зголемување на мотивираноста на учениците за учење		√		И покрај сите напори од страна на училиштето, резултатите беа делумни, но со оглед на периодот (Ковид пандемијата и учењето од дома) и со ова треба да сме задоволни по враќањето на настава со физичко присуство.
	3.2 Подобрување на методите и формите на оценување	√			
	3.3 Подобрување на начинот	√			

	на планирање и реализација на наставата				
Стратешка цел 2	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на условите за работа во училиштето	4.1 Подобрување на инфраструктурата во училиштето		√		Се поплочија и оградија сите училишта, се обнови фасадата на централното училиште, но не се успеа реконструкцијата на старата спортска сала во училници.
	4.2 Подобрување на хигиената во училиштето		√		Во сите подрачни училишта хигиената е на високо ниво, но во централното иако има подобрување, сепак не е доволно. Делумно причина за ова е староста на екстериерот и мебелот, но и слабата финансиска состојба на училиштето. Сепак не смееме да го исклучиме и човечкиот фактор.

2. **Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа**)

SWOT-анализа

Предности (силни страни) на основното училиште	Слабости (слаби страни) на основното училиште
✓ Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. ✓ Училиштето се препознава по хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување хуманитарни акции (8 хуманитарни акции реализирани за две години) со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост и емпатија. ✓ Училиштето има изградено своја политика за оценување која секоја година се дополнува со нешто ново и се подобрува. ✓ Училиштето спроведува воннаставни активности по кои е препознатливо во средината – Новогодишен базар и хепенинг; „Прочкарска смеа за секого“; спортски натпревари меѓу ученици, наставници и родители; „Сите на велосипед“ - велосипедски тури низ населените места. ✓ За време на Интегралната евалуација (19 – 21.02.2024г) интеракцијата меѓу учениците и возрасните во училиштето како еден од аспектите на работата на училиштето е оценета како многу добра. ✓ Детално и прецизно се изготвуваат прегледи по квалификациски периоди за постигањата на учениците и може да се прават различни анализи и споредби; ✓ Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците на различни начини (електронски дневник, печатени евидентни листови, индивидуални средби со наставници, телефонски разговори, социјалните мрежи итн); ✓ Учениците прават мал број на неоправдани изостаноци, ✓ Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување во училиштето.	• Недоволна опременост на училиштето со компјутерска технологија што претставува проблем, особено во предметна настава при реализација на ИКТ во наставата. • Училиштето нема училиште партнер за меѓуетнички активности • значаен процент на родители кои се уште не пристапуваат до електронскиот дневник • Поголемиот број од членови на УО немаат посетено обука за работа на УО; • Поголем број од наставниците се изјасниле дека нема доволно потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности; • Планираните цели од развојната програма се реализираат доследно, но не во целост поради недостаток на финансиски средства; • Значителен број од родителите/старателите се изјасниле дека не се доволно запознаени со тоа како се троши буџетот; • Значителен борј од родителите се изјасниле дека не се информирани од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период. • Училиштето нема изработено интерен документ – процедура за донесување училишни политики. • За спортската сала која се наоѓа во училишниот двор и во која се изведуваат најголем дел од часовите по физичко и здравствено образование како препорака од интегрална евалуација произлезено е дека има потреба согласно финансискиот план и во соработка со основачот да се преземат мерки за обезбедување на затоплување. • Друга препорака од интегралната евалуација е набавка на нова компјутерска технологија за наставата согласно финансискиот план и во соработка со основачот • Хигиената не е на задоволително ниво.

✓ Постои позитивна и поттикнувачка работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. ✓ Учениците се мотивирани да учествуваат во донесување на одлуки за прашања кои се во нивни интерес. Се укажува на различни механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето. ✓ Родителите постојано се поттикнувани и учествуваат во работата и донесувањето одлуки во училиштето. ✓ Споредрезултатитеодинтегралнатаевал уацијаспроведенавофевруари 2024 година, констатирано е декаученичкатазаедница е демократскиформирананаситенивоа и придонесувазадемократизацијанаработ ата и демократскотосозревањенаучилиштето воцелина, штопретставуваеднаодјакитестраниодр аботатананашетоучилиштеидентификув анаодпросветнитеинспектори. ✓ Во училиштето постои професионална соработка меѓу наставниците и стручните соработници со што се овозможува професионален и кариерен развој на секој наставник; ✓ Училиштето е отворено за сите видови иницијативи кои се покренати од вработените, учениците, родителите и локалната заедница; ✓ УчилиштетопрекусостаноцитесоСоветот народители, родителскисредби и наставничкисовет, гизапознаваситезаинтересиранисубјекти зареализацијанапоставенитецели, а притоатоагиземавопредвиднивнитепред лози и ставови ✓ Екипираностанастручнитесоработници овозможува добра поддршка за учениците во однос на нивната професионална ориентација, нивното советување и излегување во пресрет на нивните барања.	• Немањето доволно и постојано материјални средства за реализација на активности за професионален развој • Недоволна заинтересираност на дел од родителите за успехот, редовноста и дисциплината на своите деца • Мала посетеност, мал одзив на родителските средби • Недостаток од просторни услови во ЦОУ и во ПУ во с. Крушеани • Непостојето на училишен спортски клуб

✓ Подеднакво прифатени и третирани сите ученици без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности. ✓ Проактивност на наставниците при нивното вклучување во голем број екстерни проекти, пилотирања и слично ✓ - Училиштето има процедури за соработка комуникација со родителите и доследно ги спроведува ✓ Учениците редовно и успешно учествуваат на натпревари, манифестации, приредби, проекти каде што го представуваат училиштето. ✓ Училиштето има различни начини на кои што јавно ги промовира постигнувањата на учениците, преку својата веб страна и facebook страна. ✓ Училиштето има изработено сопствени протоколи кои ја уредуваат комуникацијата и односите со јавноста. ✓ Училиштето е препознатливо на државно ниво поради одличното постигнување на учениците и квалитетното знаење што го имаат и поради вклученоста на училиштето во многу проекти. ✓ Вклученост на родителите во различни активности во училиштето; ✓ Поголемиот број наставници имаат добра соработка и заеднички активности со родителите; ✓ Поголемиот број наставници во своите планирања имаат предвидено соработка со локалната заедница; ✓ - Спроведување на хуманитарни акции кои се иницирани од страна на учениците, родителите или наставниците.	
Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето	**Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување**
➢ Отвореност на локалната заедница за соработка. ➢ Одвојување на поголеми финансиски средства од страна на основачот. ➢ Голем број наставници и стручните соработници имаат посетено обуки кои се овозможени од важечките институции во државата, па можат да ги понудат истите и	❖ Слабата финансиска состојба на училиштето, општината, родителите и бизнис секторот ❖ Немањето доволно просторни можности на училиштето, ❖ Слабата социо–економска положба на семејствата од учениците и на локалната заедница во целост. ❖ Немотивираноста на дел од учениците за

на други училишта - Голем број наставници учествувајќи во пилотирањето можат да пружат поддршка на други училишта во нивниот успешен професионален развој - Поседување на добри интерперсонални вештини кај поголемиот број наставници - Училиштето би требало уште повеќе да ја зајакне соработката со локалната заедница (особено со бизнис секторот) за да може уште поефикасно да работи и да ги остварува своите цели и задачи - Вклучување и помош од страна на локалната заедница при реализирање на некои воннаставни активности - Партнерства со други училишта од земјата и надвор - Наоѓање други начини (медиуми) за споделување на содржините и целите од наставните програми со поширокатa јавност - Поголема поддршка и вклученост на родителите - Мотивиран училишен кадар за спроведување на едукација на родителите за важноста на нивното присуство и вклученост во активностите на училиштето. - Создавање на начини за електронска комуникација (кои може да бидат исти на ниво на училиште - унифицирани) со секој родител без оглед на тоа дали има потреба од тоа во моментот или не секој родител да му биде достапен на наставникот за комуникација која би се одвивала онлајн за да се избегнат тешкотиите со кои се соочи образовниот процес во време на далечинско учење кога и родителите покрај учениците мораше да се вклучат многу повеќе од вообичаено во процесот на настава. - Зајакнување на соработката со родителите преку работилници и нивно вклучување во донесување на разни одлуки и зајакнување на улогата на ученичкиот парламент во насока на донесување одлуки во училиштето - Наставниците своето искуство за соработката со родителите им го пренесуваат на своите колеги; - Наставниците своето искуство за соработката со локалната заедница им го пренесуваат на своите колеги; - Подобрување на квалитетот на образовниот процес, инфраструктурата на училиштето и	постигнување на повисоки резултати заради недостаток на современи нагледни средства. ❖ Намалување на бројот на учениците поради намалувањето на наталитетот во општината и иселувањето. ❖ Зголемување на бројот на ученици кои имаат тешкотии во учењето и преземање на мерки за нивниот напредок. (станува збор за ученици кои од оваа учебна и следната учебна година ќе станат наши ученици) ❖ Неможноста на училиштето да обезбеди финансиски средства потребни за обуки,посета на конференции, студиски посети на наставниците. ❖ Инволвирањето на политиката во образованието – преку промена на законската регулатива ❖ Неусогласеноста на буџетот за училиштето со трошоците на годишно ниво претставува најголема закана за негово нормално функционирање. ❖ Незаинтересираност на дел од родителите за соработка што може да доведе до слаби резултати на учениците во образовниот процес ❖ Малинтерес на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на условите за работа.

негово промовирање преку изнаоѓање на донации или грантови за инфраструктурни зафати и креирање на буџет за професионално усовршување на наставниците.	

3. Мисија и визија на основното училиште

Мисија на училиштето

Училиштето е со традиција, отворено за нови идеи кои го поттикнуваат индивидуалниот развој и креативното мислење на учениците, меѓусебно почитување без разлика на способностите, можностите, социјалната, етничката, верскатаили родовата припадност и воспоставува меѓусебна толеранција и почитување на различноста. Нашата цел е учениците да стекнуваат знаења, способности и вештини со кои ќе одговорат на животните предизвици.

Визија на училиштето

Сакаме нашето училиште да биде безбедна и дисциплинирана средина, отворено поле за соработка, со јасно дефинирани структури и улоги во кои ќе се реализираат потенцијалите на сите субјекти низ иновативност, ефективност и вклученост во реформските промени во образованието и пазарот на трудот.
Сакаме да бидеме:
училиште со современ амбиент, современи нагледни средства и помагала;
училиште со мотивирани наставници и ученици;
училиште кое гради партнерски однос меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност;
училиште кое воспитува и образува среќен, оптимистичен и успешен ученик кој се развива со поттик на наставникот и поддршката од родителите и заедницата.

4. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

Приоритет	Образложение
Да се обезбеди зголемен квалитет на наставата преку осовременување на наставните средства и помагала во училиштето за успешна реализација на наставата.	Училишната самоевалуација покажа дека иако наставата се реализизра успешно сепак недостасуваат голем број средства и материјали за таа да може да се нарече современа. Основниот недостаток е недостатокот на компјутерска опрема и современа технологија, но и дека недостасуваат финансиски средства за обезбедување и на други средства, материјали и ресурси за изведување на квалитетна и современа настава. Сметаме дека користењето на современа технологија во наставата ќе ја зголеми мотивираноста на учениците.

Да се подобрат условите за работа во Централното училиште	Иако на неколку пати се имаат правено одредени обновувања на училишната зграда во централното училиште сепак е потребно да се направи многу повеќе особено во делот на санитарните јазли со што би се подобрила и хигиената во училиштето.
Да се подобри организацијата на работата во училиштето	Во училиштето постојат, се донесени и прифатени голем дел училишни процедури и стратегии.Сепак за оптимално функционирање на училиштето потребно е донесување на нови и/или ревидирање на веќе постоечките.
Да се овозможат поквалитетни услови за зголемување на спортските активности во училиштето	Недоволните финансиски средства во училиштето придонесоа училиштето да нема регистрирано училишен спортски клуб. Сепак откако ќе се формира мора да се овозможат услови за негово функционирање, но и за нормално функционирање на часовите по ФЗО во зимскиот период како што е обезбедување на загревење во спортската сала.

5. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

Од приоритети кон стратешки цели

Приоритет/и	**Стратешка цел**
Да се обезбеди зголемен квалитет на наставата преку осовременување на наставните средства и помагала во училиштето за успешна реализација на наставата.	Поквалитетна настава и учење преку користење современи наставни средства, наставни методи и размена на искуства
Да се подобрат условите за работа во Централното училиште	Подобрување на хигиената на ЦОУ со посебно внимание на санитариите
Да се подобри организацијата на работата во училиштето	Создавање на стратегии за креирање на училишни политики
Да се овозможат поквалитетни услови за зголемување на спортските активности во училиштето	Формирање на спортски клуб и овозможување услови за функционирање на спортската сала во зимски услови

Од стратешки цели кон развојни цели

Стратешка цел 1	**Развојни цели**
Поквалитетна настава и учење преку користење современи наставни средства, наставни методи и размена на искуства	1.1 Набавка на компјутерска опрема за подобрување на квалитететот на наставата
	1.2 Поголема примена на современи методи и техники за зголемување на постигањата на учениците и споделување на искуства и активности на наставниците на стручни активи за поголема мотивација на наставниците за примена на современи методи и техники во наставата
	1.3 Набавка на потребни материјали за реализација на наставата кои ќе придонесат за зголемена мотивација на учениците.
Стратешка цел 2	**Развојни цели**
Подобрување на хигиената во ЦОУ со посебно внимание на санитариите	2.1 Подигање на свеста кај учениците и вработените за важноста на хигиената во училиштето
	2.2 Промена во начинот на организацијата на работата во поглед на одржување на хигиената
	2.3 Инфраструктурни зафати – промена на дел од санитарниот чвор
Стратешка цел 3	**Развојни цели**
Создавање на стратегии за креирање на училишни политики	3.1 Изработка и ревидирање на процедурите за организација на работата во училиштето (процедура за училишни политики, ревидирање на останатите, план/процедура за ученици кои подолго отсуствуваат)
	3.2 Обука за членовите на УОпреку која ќе ги зголемат сопствените капацитети и знаења за работата на училиштето и одговорноста на УО
	3.3 Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето(Совет на родители, родителски средби, едневник)
Стратешка цел 4	**Развојни цели**
Формирање на спортски клуб и овозможување услови за функционирање на спортската сала во зимски услови	4.1 Формирање на спортски клуб за промоција на училиштето и подобрување на психомоторните вештини на учениците
	4.2 Обезбедување на услови за работа на спортскиот клуб и за време на часовите по ФЗО во зимски услови

6. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето**

Стратешка цел 1. Поквалитетна настава и учење преку користење современи наставни средства, наставни методи и размена на искуства						
Развојна цел 1.1 Набавка на компјутерска опрема за подобрување на квалитетот на наставата						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплемен-тација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Барање на донации на компјутери	Воспоставување на контакти и барање до различни организации и институции за донирање на 15 комјутери.	Директор Училишен одбор Совет на родители Локална самоуправа	Учебна 2024/2025	Изготвени барања Воспоставени контакти Образложени потреби	Директор и тимот за следење на годишната програма	Број на поднесени барања Донирани комјутери
Купување на ИКТ технологија и промена на постоечките табли со нови -Примена на ИКТ технологија	Набавени 15 комјутери Зголемени знаења кај повеќе од 50 ученици Користење на компјутерите од страна на 15 наставници	Директор Комисија за јавни набавки Училишен одбор Локална самоуправа	Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Финансиски средства Одлуки на комисија за набавка Сметки Фактури	Директор и тимот за следење на годишната програма	Набавени комјутери Обезбедени финансиски средства Спроведена јавна набавка. Извештај од постигнатиот успех Извештаи од следење на часови Анкети за ученици
Споделување на искуства и активности на наставниците на стручни активиза поголема мотивација на наставниците за примена на современи методи и техники во наставата	Одржани намалку 4 средби на стручни активи за споделени добри практики со користење на современи техники и методи	Стручен актив на оделенска настава Стручен актив на предметна настава	Учебна 2027/2028	Компјутер, хартија, изработки на наставниците и сл	Директор и тимот за следење на годишната програма, претседатели на стручни активи	Записници од одржани активи, изработки од наставниците, споделени добри практики

Развојна цел 1.2 Поголема примена на современи методи и техники за зголемување на постигањата на учениците и споделување на искуства и активности на наставниците на стручни активи за поголема мотивација на наставниците за примена на современи методи и техники во наставата

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплемен-тација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Организирање на интерни обуки за користење на современи методи и техники за време на часовите	Обучени 20 наставници и претставници од стручната служба	Наставници/ стручна служба со соодветни компетенции	Учебна 2024/2025	Компјутер Хартија Подготвена презентација	Директор и тимот за следење на годишната програма	Списоци на учесници на обуката Извештаи од обуката
Следење на нагледни часови за користење на современи методи и техники за време на часовите и давање на повратна инфомрација	Посетени и оценети 20 наставни часови.	Директор Стручни соработници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Човечки ресурси Формат за следење на часови Нагледни средства потребни за реализација на часовите	Директор и тимот за следење на годишната програма	Пополнет формат за следење на часови Направена анализа за успехот
Споделување на искуства и добри практики на стручен актив	Одржани 5 стручни активи каде се става акцент на споделување на искуства и добри практики Подобрени компетенции кај 80% од наставниците	Директор Стручна служба Наставници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Нагледни наставни средства Фотографии Видеа и сл	Директор и тимот за следење на годишната програма	Записници од состаноци на стручен актив Списоци за присуство

Развојна цел 1.3 Набавка на потребни материјали за реализација на наставата кои ќе придонесат за зголемена мотивација на учениците						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Формирање на тим за согледување на постоечката состојба за потребните нагледни средства	Согледана состојба со анализа на приоритетните набавки	Директор Формиран тим	Учебна 2024/2025	Направени анкетни прашалници и Компјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Пополнети анкетни пршалници од 90% од наставниците Записници од средби на тимот.
Изготвување на извештај за потребите од нагледни средства според приоритети	Листи на потребни нагледни средства по одделни предмети	Директор и тим за нагледни средства	Учебна 2024/2025	Комјутер, хартија Анализирани анкетни пршалници	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изготвен извештај
Набавка на потребни нагледни средства	Набавени 50 различни наставни средства по одделни предмети 100 ученици и 10 наставници ќе имаат поквалитетна настава	Директор Локална самоуправа Тим за нагледни средства Комисија за јавни набавки	Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Финансиски средства Јавни набавки	Директор и тимот за следење на годишната програма	Набавени нагледни средства според потребите и приоритетите на училиштето

Стратешка цел 2. Подобрување на хигиената во ЦОУ со посебно внимание на санитариите						
Развојна цел 2.1 Подигање на свеста кај учениците и вработените за важноста на хигиената во училиштето						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплемен-тација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Организирање на кампања за важноста на хигиената преку работилници, креирање на флаери и постери	50 ученици и 5 наставници се директно вклучени во активностите преку Изработкаи поделување на100 флаери на годишно ниво. Изработени и поставени10 постери на годишно ниво. Реализација на 2 работилници на годишно ниво во кои ќе бидат опфатени по 30 ученици.	Наставници Стручни соработници Учници родители	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Подготвени работилници Комјутер Хартија Финансиск и средства за печатење на постери	Директор и тимот за следење на годишната програма	- Флаери - Постери - Списоци од присуства на работилници - Записници од реализирани подготвителни активности - Анкетни прашалници
Еколошки активности и собирни акции	Уреден и одржуван чист внатрешен и надворешен простор Изведени 3 собирни акции на пластика за рециклирање на годишно ниво	Наставници Стручни соработници Ученици родители	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Заштитни ракавици Вреќи за отпад. Корпи за отпад Соработка со ЈКП Пелагонија Компјутер и хартија.	Директор и тимот за следење на годишната програма	Чисти училници и ходници. Чист училишен двор. Предадени количини на пластика за рециклирање на годишно ниво
Зачестена дезинфекција, дезинсекција и дератизација	Почисто училиште Задоволни ученици, наставници и	Директор Помошно техничка служба Надлежна	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна	Хигиенски средства Човечки ресурси Договори	Директор и тимот за следење на годишната програма	Набавни хигиенски средства Извршена дезинфекција,

во училиштето	родители Набавка на поголем број на средства за хигиена Извршени 2 дезинфекција, дезинсекција и дератизација на годишно ниво.	установа	2026/2027 Учебна 2027/2028	со надлежни установи Сметки Фактури		дезинсекција и дератизација во училиштето Чисто училиште
Развојна цел 2.2 Промена во начинот на организацијата на работата во поглед на одржување на хигиената						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплемен-тација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Промена во куќниот ред Формирање на комисија за ревидирање на куќниот ред (ученици, родители, наставници и ненаставен кадар) -Разговор и предлози за време на одделенски час (разговорите ги вршат членовите на училишен парламент) Дебата и предлози на Училишен Парламент Дебата и предлози на Совет на родители Донесување на ревидиран	Донесен ревидиран куќен ред со посебен акцент на правилата поврзани со хигиената. 90% од родителите се информирани за ревидираниот куќен ред Сите ученици се информирани за ревидираниот куќен ред	Наставници Стручни соработници Ученици родители	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Средбни на очилишните органи. Комјутер и хартија.	Директор и тимот за следење на годишната програма	Ревидиран куќен ред донесен со согласност на училиштните органи и тела. Подобрена хигиена.

куќен ред Усвојување од Наставнички совет, Усвојување од УО						
Подготовка на нов план за дежурства на наставници и ученици со строго определени должности	Ефикасен и ефективен распоред на дежурства во кој ќе бидат опфатени сите наставници согласно распордот на часови и 40 ученици од погорните одделенија според распоред	Наставници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Човечки ресурси	Директор и тимот за следење на годишната програма	Зголемена хигиена Безбедност во ходниците и училниците. Направени анкети за учениците
Развојна цел 2.3 Инфраструктурни зафати – промена на дел од санитарниот чвор						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Промена на дел од санитарниот чвор	Промена на 4 чучавци во машкиот и женскиот тоалет Промена на 8 чешми.	Директор Помошно-технички персонал Локална самоуправа	Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Финансиски средства. Јавна набавка Сметки Фактури Исплата	Директор и тимот за следење на годишната програма	Направени промени во санитарниот чвор.

Стратешка цел 3. Создавање на стратегии за креирање на училишни политики						
Развојна цел 3.1 Изработка и ревидирање на процедурите за организација на работата во училиштето (процедура за училишни политики, ревидирање на останатите, план/процедура за ученици кои подолго отсуствуваат)						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на интерен документ - Процедура за донесување училишни политики	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со ученици и 2 со родители за презентација на Процедурата Презентација на процедурата пред НС и Совет на родители	Наставници и Стручни соработници	Учебна 2024/2025	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Донесен интерен документ – Процедура за донесување училишни политики изработена со согласност на училишните органи и тела. - Списоци на присутни од секој состанок и презентација - Записници од секој состанок и презентација
Ажурирање и ревидирање на Кодексот на однесување со вклученост на сите чинители кои се вклучени во образовниот процес	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со	Наставници и Стручни соработници Ученици Родители Помошен персонал	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Ажуриран Кодекс на однесување - Списоци на присутни од секој состанок и презентација - Записници од секој состанок и презентација

	ученици (информирани 60 ученици) и 2 со родители(информирани 40 родители)за презентација на Кодексот на однесување Презентација на Кодексот пред НС и Совет на родители (информирани сите членови)					
Ревидирање на Кодексот за оценување	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Одржани 2 работилници со ученици (информирани 60 ученици) и 2 со родители (информирани 40 родители)за презентација на Кодексот на однесување Презентација на Кодексот пред НС и Совет на родители (информирани сите членови)	Наставници Стручни соработници Ученици	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средби на училишните структури Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Ажуриран Кодекс на оценување поквалитетно оценување кое ќе дава добра повратна информација и ќе го насочува учењето на учениците во насока на согледување и корегирање на сопствените слабости и подобрување на успехот подобар успех на учениците фер и праведно оценување

Изработка на план/процедура односно програма за Грижа за учениците со здравствени проблеми (ако има потреба во текот на учебната година) Изработка на примери на ваква програма од различните предмети и презентација на стручен актив	Формирање на група во состав – 2 ученици претставници на Училиштен парламент, 3 наставници и 1 стручен соработник Одржани најмалку 5 средби на групата Договорен формат на планот/програмата за грижа за учениците со здравствени проблеми кои подолго време отсуствуваат од настава Одржани 2 (одделенска настава и предметна настава) средби на стручен актив и презентирани добри практики на изработени програми	наставници и родители стручни соработници	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	средби на стручни активи записници	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изработени програми за грижа за учениците со здравствени проблеми кои подолго време отсуствуваат од настава – добри практики од наставници записници од состаноци на стручни активи списоци од присуство на стручни активи

Развојна цел 3.2 Обука за членовите не УО преку која ќе ги зголемат сопствените капацитети и знаења за работата на училиштето и одговорноста на УО

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Барање понуда за обука преку акредитирани провајдери и избор на најсоодветната понуда Реализација на обуката за работата на Училишниот одбор	Обучени сите 7 членови на УО за различните аспекти од нивната работа подобрени компетенции на членовите на УО	членови на УО провајдер за спроведување на обука/дисеминација	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	провајдер за обука/дисеминација	Директор и тимот за следење на годишната програма	Списоци на учесници на обуката Училишна евиденција евиденција на Училишниот одбор

Развојна цел 3.3 Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето(Совет на родители, родителски средби, едневник)						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Мотивирање на родителите за поголемо присуство на родителските средби преку иницирање на почести индивидуални и групни средби со родителите	Зголемено присуство на родителите на индивидуалните/групните родителски средби за 40 – 50% споредено со учебните 2024-2025 и 2025 – 2026 година	наставници родители	Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	записници од средбите	Директор и тимот за следење на годишната програма	записници од изведените родителски средби инструменти за следење на присуството на родителите и темите за кои е разговарано
Ревидирање на програмата за Совет на родители	Зголемена ефикасност во работата на Советот на родители – (одржување на минимум еден месечен состанок, број на покренати иницијативи – минимум 3 во една учебна година) Пишани извештани за споделени информации со други родители	совет на родители родители наставници директор стручна служба училишен одбор	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	средби на соодветните структури записници	Директор и тимот за следење на годишната програма	Подобрена програма за работа на советот на родители спроведени активности по иницијатива на родителите записници од одржаните средби, запписници и извештаи од спроведени иницијативи и извештаи од информации споделени со други родители
Вклучување на родителите во разни видови работилници на различни теми од интерес за родителите посебно работилници	Зголемен процент на родители кои учествуваат на организираните работилници до 50% во учебната 2025 – 2026, споредено со претходната	совет на родители родители наставници директор стручна служба	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	материјали за работилници стручна литература презентации	Директор и тимот за следење на годишната програма	Изработени крајни продукти од работилниците кои ќе го прикажат учеството и разбирањето на родителите за темите работени на работилниците - Список на присутни

за запознавање на родителите со правата на децата	година Зголемен процент на родители кои сметаат дека се запознати со праватана децата до 50% споредено со претходната учебна година кога за прв пат се одржале работилници					

Стратешка цел 4. Формирање на спортски клуб и овозможување услови за функционирање на спортската сала во зимски услови

Развојна цел 4.1 Формирање на спортски клуб за промоција на училиштето и подобрување на психомоторните вештини на учениците

Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Ревидирање на започнатата процедура за формирање на училишен спортски клуб	Прибрани информации за тоа до каде е процедурата за формирање на училишен спортски клуб и добиени насоки за понатамошни активности	Наставници Директор Училишен одбор	Учебна 2024/2025 Учебна	Средби на училишните органи Комјутер и хартија Постоечки документи за формирање на училишен спортски клуб	Директор и тимот за следење на годишната програма	Записници од реализирани активности
Докомплетирање на документацијата потребна за спроведување постапка	Комплетирана документација спремна за аплицирање за регистрирање на Училишен спортски клуб	Директор наставници Училишен одбор	Учебна 2024/2025	Средби на училишните органи Комјутер и хартија Постоечки документи	Директор и тимот за следење на годишната програма	Комплетирани документи подготвени за регистрација на училишен спортски клуб

				за формирање на училишен спортски клуб		
Обезбведување финансиски средства потребни за регистрирање на училишен спортски клуб	Воспоставување на контакти и барања до различни организации и институци за обезбедување финансиски или материјални средства	Директор Училишен одбор Совет на родители Локална самоуправа	Учебна 2025/2026 Учебна 2026/2027	Средби на училишните органи Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Број на поднесени барања Донирани средства
Регистрирање на училишен спортски клуб во Централен регистар	Училишниот спортски клуб е регистиран и е спремен да почне со функционирање	Директор Училишен одбор Совет на родители Локална самоуправа наставници	Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	финансиски средства документација за регистрација	Директор и тимот за следење на годишната програма	Училишниот спортски клуб е внесен во централен регистар

Развојна цел 4.2 Обезбедување на услови за работа на спортскиот клуб, но и за време на часовите по ФЗО во зимски услови

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Барање донации во вид на финансиски или материјални средства потребни за инсталирање парно греење	Воспоставување на контакти и барања до различни организации и институци за обезбедување финансиски или материјални средства потребни за инсталирање парно греење	Директор Училишен одбор Совет на родители Локална самоуправа	Учебна 2024/2025 Учебна 2025/2026	Средбни на очилишните органи Комјутер и хартија	Директор и тимот за следење на годишната програма	Број на поднесени барања Донирани финансиски / материјални средства

Набавка на материјали потребни за инсталирање парно греење	Спроведена јавна набавка – доколку е потребно Набавени потребни материјали за инсталирање на парно греење	Директор Комисија за јавни набавки Училишен одбор Локална самоуправа	Учебна 2025/2026	Финансиски средства Одлуки на комисија за набавка Сметки Фактури	Директор и тимот за следење на годишната програма	Набавени материјали Обезбедени финансиски средства Спроведена јавна набавка.
Инсталирање на парно греење		Директор Лица одговорни за изведување на работните зафати Локална самоуправа	Учебна 2026/2027 Учебна 2027/2028	Финансиски средства Јавна набавка Сметки Фактури Исплата	Директор и тимот за следење на годишната програма	Инсталирано функционално парно греење во спортската сала

7. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

- Даниела Мицеска – директор
- Дијана Каравилоска – наставник ментор
- Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор
- Ленче Сркески – предметен наставник
- Магдалена Дисоска – одделенски наставник
- Матеја Каравилоска – ученик
- Ивица Коркоски – родител
- Дејан Киселоски – претставник на локална самоуправа

Кривогаштани,
14.08.2024 година

Директор:

_____
Даниела Мицеска

Претседател на Училишен одбор:

_____
Елена Китаноска